РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-379/2
24. 06. 2010 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02 и 82/08), член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/0, 92/08 и 33/10) и член 32 алинеја 9 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија" бр.71/06, 117/08 и 149/09), министерот за образование и наука, донесе

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# РЕШЕНИЕ
## за донесување на Испитните програми за ученици кои завршиле средно образование со тригодишно траење и продолжуваат во средно образование со четиригодишно траење од ист или сроден наставен план

1. Со ова Решение се донесуваат Испитните програми за општообразовните предмети: македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, математика, англиски јазик, германски јазик, француски јазик и руски јазик за учениците со завршено стручно образование со тригодишно траење за запишување и завршување на стручно образование со четиригодишно траење.

2. Составен дел на ова решение се Испитните програми од точка 1 на ова решение.

3.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за средното образование во кој е предвидено дека министерот за образование и наука ги донесува наставните планови и програми, а врз основа на мислењето од Бирото за развој на образованието бр. 07-379/1 од 14.04.2010 година, за учениците со завршено стручно образование со тригодишно траење за запишување и завршување на стручно образование со четиригодишно траење, се донесе решение како во диспозитивот.

Доставено до:
- Бирото за развој на образованието
- Центарот за стручно образование и обука
- Архивата

МИНИСТЕР
Никола Тодоров

Изготвил:
Милка Масникоса/Елена Ивановска
Одобрил:
Стојанчо Стојковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 30. 07. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2854/1 | | |